РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 03-1817/12
10-10-2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за производство,трговија на големо и мало,угостителство и туризам ХЕМОМЕТАЛ Велковска Рада и др. ДОО увоз-извоз
БР. 05-10011
10.10.2025 год.
Битола

ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Набавка на трактор и приклучна механизација

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Општина Јегуновце**, со седиште во с.Јегуновце на ул.101 бр.бб, со ЕДБ 4028004145069 и ЕМБС 6013244, застапувана од градоначалникот Димитар Костадиноски (во натамошниот текст: **Договорен орган**)

2. **Друштво за производство,трговија на големо и мало,угостителство и туризам ХЕМОМЕТАЛ Велковска Рада ДОО и др. увоз-извоз Битола**, со седиште на ул.Гоце Делчев 49 Битола, со ЕМБС 4199138 и ЕДБ 4002990110783, застапувано од одговорно лице Александра Христовска (во понатамошниот текст: **Носител на набавката)**

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор за јавна набавка е **набавка на трактор и приклучна механизација**, согласно Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-1817/9 од 26.09.2025 година донесена од страна на одговорното лице на Договорниот орган, во отворена постапка со објавување на оглас бр. 15535/2025 за јавна набавка на стоки. Со овој договор, Договорниот орган врши набавка на трактор и приклучна механизација, согласно техничката понуда во прилог на овој договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Договорот е со вредност од **4.720.000,00** денари без вклучен ДДВ.

Носителот на набавката ќе биде ослободен од обврската за ДДВ согласно на член 2 став 2 од Правилник за начинот на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на Договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци на Министерство за финансии објавен во Службен весник на РМ, бр. 98/2014 од 30.06.2014 година, како и член 3 став 1 од ,,Правилник за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акцизи при увоз на добра - стоки наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Северна Македонија и странски донатори, во кој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи како и формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето како и потребната документација на Министерство за финансии објавен во(Службен весник на РСМ, бр. 312 од 29.12.2020) како и согласно договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската Комисија од 27.03.2015 год.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Договорниот орган е обврзан да ги набави сите стоки од дадената понуда на Економскиот оператор и тоа:

Назив	Побарано	Понудено
Тип на возило: Трактор		**СОЛИС 90 4ВД со херметички затворена кабина**
Мотор		
Тип на мотор	Мотор Дизел	**Дизел**
Број и рапсоред на цилиндри	Број на цилндри на мотор мин 4	**4**
Снага на мотор	Снага на мотор минимум 90 КС	**90 КС**
Кубици	мин. 4080 мах.4090	**4087**
Обртаи во минута	мин.2000 rpm	**2200**
Ладење	водено	**ДА, водено**
Погон		
Погон	Погон на сите 4 тркала - 4 WD минимум	**ДА,** 4 WD
Меѓуосовниско растојание на тркалата	мин.2300мм, мах.2400мм	**2340мм**
Менувач		
Тип на менувач- сихронизиран	Минимум напред12/назад 12 брзини	**ДА, 12 напред + 12 назад**
Кардан		
Број на кардански вртежи	мин.540/540E	540/540E
Брзина		
Максимална брзина km/h	мин.35 km/h	**35.73 km/h**
Минимална брзина на движење km/h	мин. 1.69 km/h	**1.69 km/h**
Ладење	водено	**ДА**
Димензии		
Растојание од земја мм	минимум 400мм	**400мм**
Вкупна должина,мм	мин.4200мм мах.4300мм	**4270мм**
Вкупна широчина,мм	мин.1900мм мах.2400мм	**Мин.1975 Max.2375**
Меѓуосовинско растојание , мм	мин.2300мм, мах.2400мм	**2340мм**
Гуми		
Предни гуми	Минимум 12.4-24	**12.4-24**
Задни гуми	Минимум 18.4-30	**18.4-30**
Хидрауличен систем		
Хидрауличен систем	Хидраулични излези - мин 4	**4**

Предна хидруалика	Монтирана предна хидраулика	**ДА**
Капацитет на задна хидраулика	минимум 2500кг	**2500кг**
Оперативни карактеристики		
Тегови	Да	**ДА**
тегови напред, кг	мин.6x30 кг	**6x30 кг**
тегови позади на двете тркала	мин. 1x34 кг по тркало	**1x34 кг по тркало**
Систем за кочење		
Работна сопирачка	Да	**ДА**
Паркирна сопирачка	Да	**ДА**
Додатоци		
Уред за влечење на приколка (куки)	минимум три куки	**3**
Светлосни уреди	минимум: светло, штоп светло, трепкачи (работни светла на кабина напред и назад)	**светло, штоп светло, трепкачи (работни светла на кабина напред и назад)**
Звучен предупредувач	звучна свирка за предупредување	**ДА**
Кабина		
Херметичка кабина	кабина мин херметички затворена	**Херметички затворена**
Стакла во кабината со можност за отварање	Да	**ДА**
Брисачи	Да	**ДА**
Калници	на предни и задни тркала	**ДА**
Ретровизори	Да	**ДА**
Клима уред и систем, за греење	Парно , Клима	**ДА**
Радио	Да	**ДА**
Сигурносен Појас за возач	Да	**ДА**
Ротационо светло	Да	**ДА**
Гаранција		
Гарантен период на тракторот	минимум 12 месеци	**36 месеци**
Сервис и резервни делови		
Сервисна мрежа	Понудувачот да има пристап до сервис на територијата на РСМ	**ДА, обезбеден сервис на цела територија на РСМ**
Резервни делови	5 години	**ДА, 5 години обезбедени резервни делови**
Регистрација		
Испорака на трактор	Испораката да биде на трошок на операторот	**ДА, комплет документација**

	комплет со сите документи до регистрација на трактерот.	
Приклучно возило - тракторска приколка		**Тракторска приколка 5т Тиназ**
Носивост и тежина		
Носивост	Капацитет (носивост) мин. 5 т.	**5тони**
Вкупна тежина на празна приколка	минимум 1300кг	**1300 кг**
Димензии		
Вкупна должина,мм	мин.3500мм	**3500 мм**
Вкупна широчина,мм	мин.2000мм	**2000 мм**
Вкупна височина/длабочина на стандард страници ,мм	мин.500мм	**500 мм**
Дополнителни страници	минимум 400мм	**400**
Кипање на 3 страни	Минимум кипање на 3 страни (лево -десно-назад)	**Кипање на 3 страни (лево -десно-назад)**
Систем за кочење		
Систем за кочење	Хидраулучни кочници	**ДА**
Работна сопирачка	Да	**ДА**
Паркирна сопирачка	Да	**ДА**
Додатоци		
Гуми	балонки минимум 12.5/80-15.3	**Балонки 12.5/80-15.3**
Приклуок за прикачување на кука за трактор	Да	**ДА**
Опрема за означување	Да	**ДА**
Светлосни сигналини уреди и опрема	Светла за сигнализација	**ДА**
Гаранција		
Гарантен период на приколица	минимум 1 година	**1 година**
Сервис и резервни делови		
Сервисна мрежа	Понудувачот да има пристап до сервис на територијата на РСМ	**ДА, обезбеден сервис на цела територија на РСМ**
Резервни делови	5 години	**ДА, 5 години обезбедени резервни делови**
Регистрација		

Испорака на приколката	Испораката да биде на трошок на операторот комплет со сите документи до регистрација на приколката.	**ДА, комплет документација**
Набавка на нож за чистење на снег В- модел за трактор		**Агримак 250**
Материјал	метал	**ДА**
Работна ширина	мин 2500 мм	**2540 мм**
Височина на нож	мин 900 мм	**1020 мм**
Светала за сигнализација и обележување	Светла за сигнализација	**ДА**
Хидраулично контролиран нож	Составен од две сечила и четири работни позиции	**ДА**
Подлога за чистење - гума со заменливи сегменти	Подлога за чистење - гума со заменливи сегменти	**ДА**
Прикачување на предна хидраулика	Прикачување на предна хидраулика	**ДА**
Систем против вибрации	Минимум 4 опруги	**4**
Компатилна за тракторот	Компатилна за тракторот	**ДА**
Тежина кг	Минимум 350кг - максимум 380кг	**370 кг**
Тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки		**МТК120, ХД3**
Работна ширина на мулчерот	минимум 1200 мм - максимум 1250 мм	**1200 мм**
Страничен дофат во десно од централниот дел на тракторот	минимум 4600 мм	**4600 мм**
Заден ролер (ваљак)	минимум Ф102 со дебелина 4мм	**Ф102 со дебелина 4мм**
Спуштање на висина под површината од трактор	минимум 1800 мм	**1800 мм**
Агол на работа на раката	минимум 113 °	**113 °**
Заштитни ламели	ДА	**ДА**
Ротирање на работното тело	минимум 180 °	**180 °**
Движење на раката во зглобот	минимум 127 °	**127 °**
Прилагодување на висината на работното тело	ДА	**ДА**
Хидрауличен систем	Минимум двојна пумпа	**Двојна пумпа**
Резервоар за хидраулично масло	Минимум 105л	**150л**

Сиситем за далечинско управување	Минимум управување од внатрешноста на тракторот	**управување од внатрешноста на тракторот**
Дијаметар на ротор	минимум Ф110мм	**Ф 110 мм**
Дебелина на ротор	минимум 8мм	**8мм**
Број на чекани	Број на чекани минимум 24	**24**
Тежина на чекани (парче)	минимум 740гр	**740 гр**
Кардан	вклучен	**ДА**
Тежина кг	минимум 600кг	**600 кг**
Пила за кастрење:		
Број на дискови	минимум 3	**3**
Дијаметар на сечење	минимум 80мм	**80 мм**
Работна широчина	минимум 900мм	**900 мм**
Дијаметар на сечило	минимум 400мм	**40 мм**
Дебелина на сечило	минимум 2.5мм	**2,5 мм**
Тежина на пилата за кастрење кг	минимум 52кг	**55 кг**
Компатибилна за тракторот	Компатибилна за тракторот	**ДА**
Распрскувач за сол и песок за трактор		**Космо РТ-про 1000**
Вкупна тежина кг	минимум 165 кг	**168 кг**
Бункер	Минимум нерѓосувачки материјал и поцинкувана рамка	**Нерѓосувачки материјал и поцинкувана рамка**
Заден штит	Минимум нерѓосувачки материјал	**Нерѓосувачки материјал**
Капацитет	Минимум 750 литри	**790 литри**
Решетка во бункерот	Да	**ДА**
Завртки и навртки	Изработени од минимум нерѓосувачки материјал	**Нерѓосувачки материјал**
Широчина на рафрлување	Минимум 8 метри	**8 метри**
Сигнализација	Со сигнализација	**ДА**
Кардан	Со кардан	**ДА со кардан**
Хидрауличен систем за отварање	Хидрауличен систем за отварање	**ДА**
Компатибилна за тракторот	Компатибилна за тракторот	**ДА**
Цистерна за вода (влечена на трактор)		**ММА2003**
Тежина на цистерната (комплет)	Минимум 2000кг	**2000 кг**
Капацитет на резервоарот	Минимум 6300л	**6300 л**

Сигурносен вентил за притисок	Да	**ДА**
Стаклена чаша за контрола на течности	Минимум 2	**2**
Електрична инсталација	Електрична инсталација и штоп светло	**ДА**
Испусен вентил	Минимум 6 "	6 "
Рачна сопирачка вградена	Вградена рачна сопирачка	**ДА**
Вградена воздушна сопирачка	Вградена воздушна сопирачка	**ДА**
Вакум пумпа (капацитет)	Минимум 7000 л/мин.	**7000л/мин**
Дебелина на лим	минимум 5мм	**5 мм**
Распрскувач	Распрскувач ф100	**Ф 100**
Усисно црево Ф мм	минимум Ф100 2 х 3 метри	**Ф 100 2х3 метри**
Носачи за цревата	Да	**ДА**
Потпорна нога	Да	**ДА**
Цистерна (резервоар) фарбана	Внатрешно заштитена со слој отпорен непропустлив на вода	**ДА**
Метларка за чистење на улици за трактор		**Металфах**
Ширина на чистење	Ширина на чистење 2.0 м	Ширина на чистење 2.0 м
Хидроулично подигање/празнење на корпата	Хидраулично подигање /празнење на корпата	Хидраулично подигање /празнење на корпата
Резервоар за вода со прскалка	Резервоар за вода со прскалка минимум 170л	Резервоар за вода со прскалка 200 лит
Дијаметар на четка	Минимум 600мм	600мм
Тркала за пригушување на вибрациите	Да	Да
Капацитет на контејнер за отпад	Минимум 200л	200л
Вкупна тежина	Минимум 400кг	420кг
Компатибилна со тракторот кој е понуден	Да	Да
Достапност на резервни делови	5 години	5 години

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот се склучува на определен временски период од 90 (деведесет) дена од денот на склучување на договорот, односно времетрањето на овој договор престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои ги имаат превземено договорните страни.

НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 4

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на набавката согласно условите и карактеристиките од техничката понуда во рок од 90 дена од денот на склучување на договорот и при тоа договорниот орган треба да подготви записник за прифаќање на стоката.

Со записникот за примопредавање треба да се констатира дали: стоката е испорачана во договорениот рок, дали кванитетот и квалитетот на испорчаната стока одговора на договорениот квалитет и квантитет.

Член 5

Записникот за промопредавање го потпишуваат двете договорни страни. Од денот на составување и потпишување на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен да обезбеди:

- редовен сервис на понудениот трактор и приклучната механизација,
- резервни делови тракторот и приклучната механизација за минимун (5) години,
- упатство и употреба на користење на тракторот и приклучната механизација на македонски јазик во печатена и електронска форма
- обука од мин. еден ден / 8 часа на еден ден/осум часа на 4 (број на вработени) за користење на тракторот, тракторската приколката и специјалираната приклучна механизација
- да обезбеди гарантен период од 36 месеци за понудениот трактор и 12 месеци за приклучната механизација,
- Потврда за сообразност (Хомологација) за регистрација на возилото

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 7

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за примопредавањето на возилото. Трошоците за регистрација и редовен годишен технички преглед се на товар на договорниот орган. Трошоците пред испорака (заверка на договор кај нотар, за пријавување / промена / одјава на договорот во централен регистар, за регистарски таблици и сообраќајна дозвола, адвокатски услуги, банкарска провизија, таксени марки и налепници, фонд за јавни патишта и сл.) се на товар на договорниот орган согласно редовните ценовници на надлежните органи и институции.

ГАРАНТЕН РОК

Член 8

Гарантниот рок на тракторот изнесува 36 (месеци) а на приклучната механизација од 12 месеци, согласно прифатената понуда, која е составен дел на овој договор. Гарантниот рок започнува да тече од денот на примопредавањето на возилото.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Во случај на доцнење со испораката на предметот на договороот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1‰ (промил) од вредноста на стоките, за секој ден задоцнување доколку Носителот на набавката не го испорача предметот на набавка во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоките. Носителот на набавката неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Договорниот орган дека го задржува своето право на договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,1‰ (промил) од вредноста на стоките, за секој ден ненавремено плаќање доколку Договорниот орган не ја исплати ф-рата за испорачаниот предметот на набавка во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоките.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Начинот на плаќање е во рок од 30 (триесет) дена по доставена фактура и записникот за прифаќање на стоката за испорачана стока во архивот на Општина Јегуновце.

Плаќањето ќе се врши на трансакциска сметка бр.250-0110-001-657-04 што се води во Шпаркасе Банка АД Скопје.

РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (корекција на цени)

Член 11

Носителот на набавката и Договорниот орган немаат право на промена на цената на стоките предмет на договорот, односно цените искажани погоре ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

УТВРДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И КВАНТИТЕТОТ

Член 12

Во случај на несоодветно и неквалитетно извршување на договорот, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката да го раскине договорот со проста изјава за раскинување на договор и за задржување на правото на договорна казна. Во тој случај, Договорниот орган го задржува правото да склучи договор со второрангираниот понудувач.

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 13

Материјален недостаток постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Носителот на набавката, а која му била позната на Договорниот орган или морала да му биде позната;
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани, и
- кога Договорниот орган предал стока кој не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

Член 14

Носителот на набавката е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести понудувачот во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Носителот на набавката е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Договорниот орган веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 15

Кога по приемот на стоката од страна на Носителот на набавката ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), Носителот на набавката е должен, за тој недостаток да го извести понудувачот во рок од пет дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Договорниот орган не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе измине еден месец од предавањето на стоката.

Член 16

Договорниот орган не одговара за недостатоците од член 10 на овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Носителот на набавката или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на Носителот на набавката не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како Носителот на набавката би можел лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

ВИША СИЛА

Член 17

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорнастрана, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

Носителот на набавка има право и може да побара од нарачателот дополнителен рок за испорака, за кој писмено треба да го извести нарачателот, во случај на Виша сила. Ова барање треба да се достави во вид на писмен документ во архивата на нарачателот, но не подоцна од 5 дена од крајниот рок за испорака, определен во член 4 од договорот. Овој дополнителен рок не може да биде подолг од 30 дена.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 18

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 19

Доколку двете договорни страни не договорат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Тетово.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 20

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 21

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 22

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 24

Овој Договор е склучен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

ХЕМОМЕТАЛ
Управител
Александра Христовска

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката

Финансиска понуда

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
16710000-5	Набавка на трактор	Парче	1,00	1.710.000,00	1.710.000,00	85.500,00	1.795.500,00
34390000-7	Набавка на Приклучно возило - тракторска приколка	Парче	1,00	370.000,00	370.000,00	18.500,00	388.500,00
34390000-7	Набавка на нож за чистење на снег В- модел за трактор	Парче	1,00	250.000,00	250.000,00	45.000,00	295.000,00
34390000-7	Набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки	Парче	1,00	700.000,00	700.000,00	35.000,00	735.000,00
34390000-7	Набавка на распрскувач за сол и песок за трактор	Парче	1,00	300.000,00	300.000,00	54.000,00	354.000,00
34390000-7	Набавка на цистерна за вода (влечена на трактор)	Парче	1,00	1.070.000,00	1.070.000,00	192.600,00	1.262.600,00
34390000-7	Набавка на метларка за чистење на улици за трактор	Парче	1,00	320.000,00	320.000,00	57.600,00	377.600,00
				Вкупно	4.720.000,00 ден	488.200,00 ден	5.208.200,00 ден

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **4.720.000,00** (**четири милиони седумстотини и дваесет илјади денари**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **488.200,00** денари.